Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК

## ОД 11–ТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 5 ФЕВРУАРИ 2016 ГОДИНА

Изготвил
Адмир Шабани

**ЗАПИСНИК**
од единаесетата седница на Државната изборна комисија

Единаесетата седница на Државната изборна комисија се одржа на 5 февруари 2016 година во салата за седници во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 20.00 часот.

На седницата присуствуваа:

**Александар Чичаковски** - Претседател на Државната изборна комисија
**Реџеп Прекопуца** – Потпретседателот на Државната изборна комисија.
**Атанас Урумов-** Член на Државната изборна комисија
**Силвана Бонева -** Член на Државната изборна комисија
**Сашо Срцев -** Член на Државата изборна комисија
**Виолета Дума** – Член на Државната изборна комисија
**Игор Милев-** Член на Државната изборна комисија, и
**Добре Јанчев-** Генерален секретар на Државната изборна комисија.

На седницата поради оправдани причини не присуствуваа членовите на ДИК, Субхи Јакупи и Бедредин Ибраими.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Александар Чичаковски.

За оваа седница беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. **Избор на две (со бројки: 2) ИТ Компании / Експерти кои ќе ја извршат вкрстената проверка на базите на податоци од државните органи и институции, по Јавниот повик бр. 02-269/1 од 01.02.2016 година**

2. **Разно**

**Комисијата едногласно го усвои дневниот ред.**

Точка 1

Образложение во врска со изборот на две ИТ Компании / Експерти кои ќе ја извршат вкрстената проверка на базите на податоци од државните органи и институции, по Јавниот повик бр. 02-269/1 од 01.02.2016 година, даде членот на ДИК Атанас Урумов, при што укажа дека аплицирале 7 компании, Комисијата во состав Атанас Урумов, Сашо Срцев и Игорм Милев членови на ДИК,како и ИТ експертите Џон Арон, Сашко Ристов, Агим Иљази, Адем Зубери и Милан Аризански, извршија отварање и евалуација на пристигнатите понуди, при што беше констатирано дека компанијата ДИГИТАЛ ПОИНТ не ги исполнуваше бараните услови според јавниот повик, одредени фирми не ги исполнуваа сите барани услови , за постапката на евалуација на понудите се состави записник, и при тоа се одлучи како предлог за избор на најдобри понуди да бидат избрани понудите од ИТ компаниите

ДИНАМИЧКИ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ-Скопје со предложениот експер Драган Шахпарски и ДИГИТАЛ ПОИНТ –Скопје, со предложениот експерт Ирена Ивановска.

Со оглед на тоа дека никој не се јави за збор, предлогот како најдобри понудвачи кои ќе ја извршат вкрстената проверка на податоците да бидат избрани компаниите ДИНАМИЧКИ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ-Скопје со предложениот експер Драган Шахпарски и ДИГИТАЛ ПОИНТ –Скопје, со предложениот експерт Ирена Ивановска.

**Комисијата со 7 гласа ЗА го усвои предлогот како најдобри понудвачи кои ќе ја извршат вкрстената проверка на податоците да бидат избрани компаниите ДИНАМИЧКИ ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ-Скопје со предложениот експер Драган Шахпарски и ДИГИТАЛ ПОИНТ –Скопје, со предложениот експерт Ирена Ивановска.**

**Точка 2-Разно**

**Со оглед на тоа дека никој друг не се јави за збор, Претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, констатираше дека дневниот ред е исцрпен и ја заклучи седницата.**

**11-та седница на ДИК заврши во 20:15 часот**

**Број 08-346/2**
**11.02.2016**
**Скопје**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Александар Чичаковски**

*НАПОМЕНА:*
*Составен дел на овој записник е аудио снимка од седницата*